ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ Новиот уредот треба да се инсталира и да биде заземјен единствено од страна на квалификуван персонал. Ве молиме придржувајте се до овој совет. Гаранцијата нема да ги покрива оштетувањата кои може да настанат заради неправилна инсталација. Техничките податоци се дадени на крајот од ова упатство.

СОГЛАСНОСТ СО РЕГУЛАТИВИ

Овој уред е во согласност со следните стандарди:

- EN 60335 - 1 и EN 60335 - 2 - 6, кои се однесуваат на безбедноста при користењето во домаќинствата и слични намени;
- EN 60350, или DIN 44546 / 44547 / 44548, кои се однесуваат на работните карактеристики на електричните уреди за готвење, плотни, печки и скари за домаќинствата;
- EN 55011
- EN 55014-2
- EN 61000 - 3 - 2; и
- EN 61000 - 3 - 3, кој се однесува на основните барања на електромагнетната компатибилност (EMC).

CE Овој уред е во согласност со следните ЕУ директиви:

- 2006/95/EC, Директива за низок напон
- 2004/108/EEC, Директива за електромагнетна компатибилност

БЕЗБЕДНОСНИ ИНСТРУКЦИИ ЗА ЛИЦЕТО ШТО ЌЕ ЈА ВРШИ ИНСТАЛАЦИЈАТА

- Во електричната шема мора да има склопка која овозможува исклучување на уредот од напојувањето на сите фази со отвор на допир од најмалку 3 mm. Меѓу погодните елементи за изолација спаѓаат уредите за прекинување на текот, осигурувачи (осигурувачите со завртување треба да се отстранат од куќиштето), уреди за одведување кон заземјувањето и контактори.
- Во поглед на заштитата од пожар, овој уред е во согласност со EN 60335 - 2 - 6. Овој тип на уред може да се инсталира со присуство на висок орман или ѕид на едната страна.
- Под плотната не смеат да се поставуваат фиоки.
- Инсталацијата мора да гарантира заштита од струен удар.
- Елементот за кујна во кој ќе се смести уредот мора да ги задоволува барањата за стабилност од DIN 68930.
- Заради заштита од влага, сите исечени површини треба да се залепат со соодветно средство.
- На работните површини со плочки, отворите на рабовите околу плотната мора да бидат исполнети со специјално средство.
- Кај работните плочи од природен и вештачки камен или керамика, пружините за вградување мора да се прицврстат со соодветен кит или мешано лепило.
- Средството за пополнување на рабовите од работната површина треба да биде исправно поставено и не треба да има отвори. Не смее да се додава дополнително силиконско средство; ова би го отежнало вадењето доколку уредот треба да се поправа.
- При вадењето, плотната мора да се турне од долната страна.
- Под плотната треба да се постави плоча.
- Отворот за вентилација помеѓу работната површина и предната страна од уредот не смее да биде покриен.

CTN464KC01_BOL_DG68-00454A-02_MK_121129.indd 12 2012-11-29 5:21:10

ПОВРЗУВАЊЕ СО НАПОЈУВАЊЕТО

Пред поврзувањето, проверете дали номиналниот напон на уредот, т.е. напонот наведен на плочката со податоци, одговара на напонот на напојувањето. Плочката со податоци е поставена на долниот дел од куќиштето на плотната.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ **Исклучете го напојувањето на електричното коло пред поврзувањето на жиците.**

Напонот на грејниот елемент е AC 230 V~. Уредот исто така совршено работи и на мрежите со AC 220 V~ или AC 240 V~.
Уредот треба да се поврзе на напојувањето со користење на склопка која овозможува исклучување на уредот од напојувањето на сите фази со отвор на допир од најмалку 3 mm, како на пр. уреди за автоматско прекинување на текот, уреди за одведување кон заземјувањето или осигуровачи.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ **Поврзувањето на жиците мора да се изврши во согласност со прописите. Завртките на терминалот мора да бидат добро стегнати.**

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ Откако плотната ќе биде поврзана со напојувањето, проверете дали сите зони се подготвени за користење, накусо вклучувајќи ги со максимална јачина со соодветни садови.

Кога плотната ќе се вклучи првпат, сите екрани засветуваат и се активира безбедносното заклучување за деца.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ Обрнете внимание (усогласеност) при спојувањето на фазата и неутралната жица од домашниот приклучок и уредот (шеми за поврзување); во спротивно, компонентите може да се оштетат.
Гаранцијата не ги покрива оштетувањата настанати заради неправилна инсталација.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ Доколку кабелот за напојување е оштетен, треба да се замени со специјален кабел кој може да го набавите од производителот или сервисерот.

- **1N ~**



- **2N ~**



- **2 x 1N ~**



ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ За правилно поврзување на напојувањето, следете го цртежот со кабли кој е прикачен во близина на приклучоците.

CTN464KC01_BOL_DG68-00454A-02_MK_121129.indd 13 2012-11-29 5:21:11

ИНСТАЛИРАЊЕ ВО ОТВОРОТ НА РАБОТНАТА ПЛОЧА

Пред инсталирањето запишете го серискиот број на уредот од плочката со податоци.
Овој број ќе ви биде потребен во случај на обраќање до сервис и нема да биде достапен по инсталацијата, бидејќи се наоѓа на оригиналната плочка со податоци поставена на долната страна на уредот.
Обрнете посебно внимание на минималниот потребен простор и расчистувањето.
Пред да ја поставите плотната на носачите, прицврстете ги носачите на двете страни со испорачаните завртки.







CTN464KC01_BOL_DG68-00454A-02_MK_121129.indd 14 2012-11-29 5:21:11











CTN464KC01_BOL_DG68-00454A-02_MK_121129.indd 15 2012-11-29 5:21:12

делови и функции

ЗОНИ ЗА ГОТВЕЊЕ



1. Зона за готвење со индукција - 1400 W, со засилување на моќност - 2000 W
2. Зона за готвење со индукција - 2200 W, со засилување на моќност - 3200 W
3. Заден дел од индукциска зона со премостување - 1800 W, со засилување на моќност - 2600 W
4. Преден дел од индукциска зона со премостување - 1800 W, со засилување на моќност - 2600 W
5. Комплетна индукциска зона со премостување - 3600 W, со засилување на моќност - 4600 W
6. Контролна плоча

КОНТРОЛНА ПЛОЧА



1. Копчиња за избор на зона за готвење
2. Копчиња за прилагодување на јачината
3. Контролен сензор за заклучување
4. Контролен сензор за вклучување/исклучување
5. Контролен сензор за тајмер
6. Индикатори за поставената јачина и преостанатата топлина
7. Одржување на топлина
8. Автоматско загревање
9. Копче за комплетна зона со премостување

CTN464KC01_BOL_DG68-00454A-02_MK_121129.indd 16 2012-11-29 5:21:12

КОМПОНЕНТИ



Индукциска плотна



Носачи за инсталирање



Завртки

ЗАГРЕВАЊЕ СО ИНДУКЦИЈА

- **Принцип на загревање со индукција**: Кога ќе го поставите садот на зоната за готвење и ќе ја вклучите зоната, електронските кола во вашата индукциска плотна ќе создадат “индуцирана струја” на дното од садот која веднаш ќе ја зголеми температурата на садот.



- **Поголема брзина при готвење и пржење**: Бидејќи се врши директно загревање на садот а не на стаклото, ефикасноста е поголема во однос на другите системи при што нема загуби на топлина. Поголемиот дел од апсорбираната енергија се претворува во топлина.

CTN464KC01_BOL_DG68-00454A-02_MK_121129.indd 17 2012-11-29 5:21:13

КЛУЧНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ВАШИОТ УРЕД

- **Керамичко-стаклена површина за готвење** : Уредот има керамичко-стаклена површина за готвење и четири зони за готвење со брз одзив.
- **Контролни сензори на допир** : Управувањето со вашиот уред е преку контролни сензори на допир.
- **Едноставно чистење** : Предноста на керамичко-стаклената површина за готвење и контролните сензори е во достапноста за лесно чистење. Мазната и рамна површина се чисти многу лесно.
- **Сензор за вклучување/исклучување** : Контролниот сензор за “вклучување/исклучување” служи како одделен прекинувач за напојување. При допирот на овој сензор напојувањето целосно се вклучува или исклучува.
- **Контролни и функциски индикатори** : Дигиталните екрани и светилките на индикаторите нудат информации за поставеноста и активираните функции, како и за присуството на преостаната топлина кај различните зони за готвење.
- **Безбедносно исклучување** : Безбедносното исклучување служи за автоматско исклучување на зоните за готвење по истекувањето на одреден период доколку поставките не се променети.
- **Индикатор за преостаната топлина** : На екранот ќе се појави мала слика за преостанатата топлина доколку зоната за готвење е жешка и постои опасност од изгореници.
- **Засилување на моќност** P : Користете ја оваа функција за загревање на содржината на садот побрзо од максималното ниво на јачина ‘15’. (На екранот ќе се прикаже "P".)
- **Автоматско откривање на садот** : Секоја зона за готвење располага со систем за автоматско откривање на сад - системот е калибриран така да препознае садови со дијаметар малку помал од зоната за готвење. Садовите секогаш мора да бидат поставени централно на секоја зона за готвење. Притоа треба да се користат соодветни садови за готвење.
- **Дигитални екрани** : Четирите екрански полиња се однесуваат на четирите зони на готвење. Тие ги прикажуваат следните информации:
    - - уредот е вклучен,
    - 1 до 15, P избрана поставеност на јачината,
    - H преостаната топлина,
    - L активирано е заклучувањето за деца; и
    - E5 порака за грешка, сензорот на копчето регистрира допир со траење подолго од 8 секунди.
    - E6 порака за грешка, кога плотната е прегреана заради неправилно функционирање. (на пример: користење со празен сад)
    - E9 порака за грешка, садот за готвење не е погоден или е премал, или пак нема поставено сад на зоната за готвење.
- **Одржување на топлина** : Користете ја оваа функција за одржување на топлината на зготвената храна. (На екранот ќе се прикаже "U".)
- **Автоматско загревање** : Користете ја оваа функција за загревање со највисоко ниво на јачина во одреден временски период. (На екранот ќе се прикаже "A".)
  По завршувањето, зоната за готвење автоматски ќе се намали на пониско ниво на јачина.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ Никогаш не оставајте ја плотната без надзор додека ја користите. Ова може да предизвика пожар.

- **Копче за комплетна зона со премостување** : Користете ја оваа функција за проширување на зоната за готвење на комплетната десна страна.

CTN464KC01_BOL_DG68-00454A-02_MK_121129.indd 18 2012-11-29 5:21:15

БЕЗБЕДНОСНО ИСКЛУЧУВАЊЕ

Доколку некоја од зоните за готвење не биде исклучена или јачината не биде променета одреден подолг период, таа автоматски ќе се исклучи.

Преостанатата топлина ќе биде означена со H (за “hot” - жешко) на дигиталниот екран кој одговара на соодветната зона за готвење.

Зоните за готвење се исклучуваат според следните времиња.

Ниво на јачина	Исклучување
1-3	По 6 часа
4-6	По 5 часа
7-9	По 4 часа
10-15	По 1,5 часа

Доколку плотната се прегрее заради неправилно функционирање, ќе се прикаже oE. Истовремено плотната ќе се исклучи.

Ако садот за готвење не е погоден или е премал, или пак нема поставено сад на зоната за готвење, ќе се прикаже U. По 1 минута соодветната зона за готвење ќе биде исклучена.

Доколку една или повеќе зони се исклучат пред да измине поставеното време, погледнете го делот “Отстранување на проблеми”.

Други причини за исклучување на зоните за готвење

Сите зони ќе бидат веднаш исклучени доколку се прелие течност и ја зафати контролната плоча.

Автоматското исклучување исто така ќе се активира доколку поставите влажна крпа на контролната плоча. Во овие случаи, уредот треба повторно да се вклучи преку главниот контролен сензор за **вклучување/исклучување** ⏻ откако ќе бидат отстранети течноста или крпата.

ИНДИКАТОР ЗА ПРЕОСТАНАТА ТОПЛИНА

Кога ќе се исклучи плотната или одредена зона за готвење, присуството на преостаната топлина ќе биде означено со H (за “hot” - жешко) на дигиталниот екран кој одговара на соодветната зона. Дури и по исклучувањето на зоната за готвење, индикаторот за преостаната топлина ќе се исклучи дури откога зоната ќе се излади.

Можете да ја користите преостанатата топлина за одмрзнување или подгревање на храната.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ Се додека свети индикаторот за преостаната топлина, постои опасност од изгореници.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ Доколку дојде до прекин на напојувањето, симболот H ќе се изгасне и информацијата за преостанатата топлина нема да биде достапна. Сепак, сè уште може да дојде до изгореници. Ова може да се избегне доколку секогаш внимавате кога сте во близина на плотната.

CTN464KC01_BOL_DG68-00454A-02_MK_121129.indd 19 2012-11-29 5:21:16

ОТКРИВАЊЕ НА ТЕМПЕРАТУРАТА

Ако заради каква било причина температурата на некоја од зоните за готвење го надмине безбедносното ниво, зоната за готвење автоматски ќе биде префрлена на пониско ниво на јачина.
Кога ќе завршите со користењето на плотната, вентилаторот за ладење ќе продолжи да работи сè додека електрониката на плотната не се излади.
Вентилаторот за ладење може да се вклучува и исклучува во зависност од температурата на електрониката.

пред да започнете

ПОЧЕТНО ЧИСТЕЊЕ

Пребришете ја керамичко-стаклената површина со влажна крпа и средство за чистење на керамичко-стаклени плочи.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ Немојте да користите каустични или абразивни средства за чистење. Може да дојде до оштетување на површината.

употреба на плотната

САДОВИ ЗА ГОТВЕЊЕ НА ЗОНИТЕ СО ИНДУКЦИЈА

Индукциската плотна може да се вклучи само кога на некоја од зоните за готвење ќе се постави сад со магнетна основа. Можете да ги користите следните погодни садови.

Материјал на садови

Материјал на садови	Погоден
Челик, емајлиран челик	Да
Лиено железо	Да
Челик кој не 'рѓосува	Ако е соодветно означен од производителот
Алуминиум, бакар, месинг	Не
Стакло, карамика, порцелан	Не

Садовите за индукциските плотни се означени како соодветни од страна на производителот.

Одредени садови може да создаваат шум при користење на зоните за готвење со индукција. Овој шум не означува дефект на уредот и на никој начин не влијае врз функционирањето.

CTN464KC01_BOL_DG68-00454A-02_MK_121129.indd 20 2012-11-29 5:21:16

ТЕСТ ЗА ПОГОДНОСТ

Садовите се погодни за готвење со индукција, ако дното на садот ги привлекува магнетите и садот е означен како погоден од страна на производителот на садот.



ГОЛЕМИНА НА САДОВИТЕ

Зоните за готвење со индукција автоматски се прилагодуваат на големината на дното на садот до одредена граница. Сепак, магнетниот дел на дното од садот мора да има одреден минимален дијаметар кој зависи од големината на зоната за готвење.

Дијаметар на зоните за готвење	Минимален дијаметар на дното од садот
210 mm	140 mm
160 mm	100 mm
Предна или задна зона со премостување	120 mm
Комплетна зона со премостување	180 mm, овален сад, сад за риби

ШУМ ПРИ ФУНКЦИОНИРАЊЕ

Ако можете да слушнете.

- Шум во вид на крцкање : садовите се изработени од различни материјали.
- Свиркање : користите повеќе од две зони за готвење и садовите се изработени од различни материјали.
- Бука : користите високи нивоа на јачина.
- Звук во вид на "кликнување" : во тек се електрични промени.
- Шуштење, зуење : вентилаторот дува.

Овие видови на шум се нормални и не посочуваат на никакви дефекти.

CTN464KC01_BOL_DG68-00454A-02_MK_121129.indd 21 2012-11-29 5:21:16

УПОТРЕБА НА СООДВЕТНИ САДОВИ

Соодветните садови даваат подобри резултати.

- Добриот сад се познава по дното. Дното треба да биде колку е можно подебело и порамно.
- При купувањето на садови, обрнете посебно внимание на пречникот на дното. Производителите често го наведуваат само пречникот на горниот раб од садот.
- Не употребувајте садови кои имаат оштетена основа и нерамнини. Ако таков сад се повлече по површината на плочата, таа може трајно да се изгребе.
- Кога е ладен, садот вообичаено има дно свиткано навнатре (конкавно). Неговото дно не смее да биде свиткано нанадвор (конвексно).
- Доколку сакате да употребувате посебен вид на садови, како на пример, експрес лонец или вок, ве молиме прочитајте го упатството од производителот.

Совети за заштеда на енергија

Можете да заштедите енергија доколку се придржувате кон следните совети.

- Секогаш прво поставете ги тенџериња та и тавите пред да ги вклучите зоните за готвење.
- Валканатата површина за готвење како и нечистото дно на садовите ја зголемуваат потрошувачката на енергија.
- Доколку е можно, покријте го садот целосно со капак.
- Исклучете ги зоните за готвење пред да истече времето на готвење за да се искористи преостанатата топлина за подгревање или одмрзнување.

УПОТРЕБА НА КОНТРОЛНИТЕ СЕНЗОРИ НА ДОПИР

Контролните сензори на допир се употребуваат така што саканиот сензор се допира со врвот на прстите сè додека соодветниот екран не засвети или не се изгасне, или додека не се активира саканата функција.
Кога го употребувате уредот притиснувајте само еден сензор во даден момент. Ако со прстот допирате поголема површина, соседниот сензор може да се активира.

CTN464KC01_BOL_DG68-00454A-02_MK_121129.indd 22 2012-11-29 5:21:17

ВКЛУЧУВАЊЕ НА УРЕДОТ

1. Допирајте го **контролниот сензор за заклучување** околу 3 секунди.
2. Уредот се вклучува со помош на **контролниот сензор за вклучување/исклучување** ⏻. Допирајте го **контролниот сензор за вклучување/исклучување** ⏻ 1 секунда. На дигиталниот екран ќе се прикаже -.



Откако ќе го вклучите уредот со **контролниот сензор за вклучување/исклучување** ⏻, за околу 10 секунди треба да поставите одредена јачина на готвење. Во спротивно, уредот самиот ќе се исклучи заради безбедносни причини.

ИЗБОР НА ЗОНА ЗА ГОТВЕЊЕ И НИВО НА ЈАЧИНА

1. За да изберете зона за готвење, допрете го соодветното копче за зоната за готвење.



2. За поставување и прилагодување на нивото на јачина, допрете ги **Копчињата за прилагодување на јачината**.



Ако повеќе од еден сензор е притиснат подолго од 8 секунди, ќе се прикаже симболот E. За ресетирање, допрете го **контролниот сензор за вклучување/исклучување** ⏻.

ИСКЛУЧУВАЊЕ НА УРЕДОТ

За целосно исклучување на уредот, употребете го **контролниот сензор за вклучување/исклучување** ⏻. Допрете го **контролниот сензор за вклучување/исклучување** ⏻.



По исклучување на една зона или на целата површина за готвење, на дигиталниот екран на соодветната зона за готвење ќе се прикаже H (за “hot” - жешко) како индикатор за преостанатата топлина.

CTN464KC01_BOL_DG68-00454A-02_MK_121129.indd 23 2012-11-29 5:21:18

ИСКЛУЧУВАЊЕ НА ЗОНА ЗА ГОТВЕЊЕ

За исклучување на одредена зона за готвење, поставете го нивото на јачина на − со помош на ⊖ **контролниот** сензор на контролната плоча.



За побрзо исклучување, допрете го двапати соодветното копче за зоната за готвење.

УПОТРЕБА НА БЕЗБЕДНОСНОТО ЗАКЛУЧУВАЊЕ ЗА ДЕЦА

Безбедносното заклучување за деца се користи за заштита од ненамерно вклучување и активирање на површината за готвење.
Исто така може да се блокира и контролната плоча, со исклучок на **контролниот сензор за вклучување/исклучување** ⏻, за да се оневозможи случајна промена на поставените вредности, како на пример, при бришење на плочата со крпа.

Вклучување/исклучување на безбедносното заклучување за деца

1. Допирајте го **контролниот сензор за заклучување** 🔒 околу 3 секунди.
   Како потврда ќе чуете звучен сигнал.



2. Допрете **кој било контролен** сензор.
   🔒 ќе се прикаже на екранот, означувајќи дека безбедносното заклучување за деца е активирано.



3. За исклучување на безбедносното заклучување за деца, повторно допирајте го **контролниот сензор за заклучување** 🔒 околу 3 секунди.
   Како потврда ќе чуете звучен сигнал.

Откако ќе го исклучите уредот, безбедносното заклучување за деца автоматски ќе се активира по неколку минути заради безбедносни причини.

CTN464KC01_BOL_DG68-00454A-02_MK_121129.indd 24 2012-11-29 5:21:19

ТАЈМЕР

Тајмерот може да го употребувате на два начини:

Употреба на тајмерот за безбедносно исклучување:
Ако е поставено одредено време за зоната за готвење, таа ќе се исклучи откако ќе истече ова време. Оваа функција може да се употребува за повеќе зони за готвење истовремено.

Употреба на тајмерот за одбројување:
Тајмерот за одбројување не може да се употребува доколку е вклучена некоја од зоните за готвење.

Поставување на функцијата за безбедносно исклучување

За да ја активирате оваа функција за одредена зона за готвење, зоната треба да биде вклучена.



1. Со употреба на **контролниот сензор за тајмерот** , изберете ја зоната за готвење за која сакате да ја поставите функцијата за безбедносно исклучување. Откако ќе биде избрана првата активна зона за готвење, со допирање на контролниот сензор за тајмерот соодветниот индикатор ќе почне полека да трепка. На пример, предниот лев индикатор одговара на предната лева зона за готвење. -- ќе се прикаже на екранот за тајмерот. Следната активна зона за готвење се избира со повторно допирање на **контролниот сензор за тајмерот** .



2. Употребете ги **копчињата за поставување на тајмерот** (⊕ или ⊖) за да го поставите соодветното време, на пример, 15 минути, по кое зоната за готвење автоматски ќе се исклучи. Функцијата за безбедносно исклучување ќе се активира.

За прикажување на преостанатото време за готвење за некоја од зоните за готвење, употребете го **контролниот сензор за тајмерот** .
Соодветниот индикатор ќе започне да трепка.
Поставената состојба се ресетира со **копчињата за поставување на тајмерот** (⊕ или ⊖). По истекот на поставеното време, зоната за готвење автоматски се исклучува, се слуша звучен сигнал како потврда и индикаторот за тајмерот се активира.

За побрзо поставување, допирајте ги ⊕ или ⊖ **контролните** сензори сè додека не се прикаже саканата вредност. Ако прво се притисне ⊖ **контролниот** сензор, времето ќе се постави на 99 минути; ако пак прво се притисне ⊕ **контролниот** сензор, времето се поставува на 1 минута.

CTN464KC01_BOL_DG68-00454A-02_MK_121129.indd 25 2012-11-29 5:21:20

Тајмер со одбројување

За да го користите тајмерот со одбројување, уредот треба да е вклучен но сите зони за готвење треба да се исклучени.

1. Допрете го **контролниот сензор за тајмерот** .
   ќе се прикаже на екранот за тајмерот.

2. Поставете го саканото време со помош на копчињата за поставување на тајмерот (⊕ или ⊖).
   Тајмерот со одбројување сега е активиран и преостанатото време се прикажува на екранот за тајмерот.
   За прилагодување на преостанатото време, допрете го контролниот сензор за тајмерот и поставете го времето со помош на копчињата за поставување на тајмерот (⊕ или ⊖).

КОНТРОЛА НА ЗАСИЛУВАЊЕ НА МОЌНОСТА

Функцијата за засилување на моќноста P обезбедува дополнителна моќ на секоја од зоните за готвење. (на пример: за да се зоврие голем сад со вода) Функцијата за засилување на моќноста се активира максимум 10 минути за секоја зона за готвење. По ова време, зоната за готвење автоматски се враќа на ниво на јачина 15.

Во одредени околности, функцијата за засилување на моќноста може автоматски да биде деактивирана за да се заштитат внатрешните електронски компоненти на плотната.

КОНТРОЛА НА ПРЕМОСТУВАЊЕТО

Функцијата за премостување овозможува употреба на комплетната десна зона за готвење заради користење на големи садови. (на пример: овални садови, сад за риби)

1. Допрете го сензорското копче за комплетната **Bridge** (премостување) зона.



2. Допрете ги копчињата за прилагодување на јачината (⊕ или ⊖).
   Истовремено ќе се промени и екранот со вредности за топлината на десната зона (предна, задна зона).



CTN464KC01_BOL_DG68-00454A-02_MK_121129.indd 26 2012-11-29 5:21:21

АВТОМАТСКО ЗАГРЕВАЊЕ

1. Допрете го соодветното копче за зоната за готвење.



2. Допрете го копчето **Автоматско загревање**.



3. Поставете го саканото ниво на јачина кое ќе се користи по Автоматското загревање. Зоната за готвење автоматски ќе премине на највисокото ниво на јачина, а потоа ќе премине на континуираното ниво на јачина кое претходно сте го избрале.
Времето за Автоматско загревање зависи од избраното континуирано ниво на јачина (погледнете ја табелата).



Континуирано ниво на јачина	Време за Автоматско загревање (прибл.) [мин: сек]	Континуирано ниво на јачина	Време за Автоматско загревање (прибл.) [мин: сек]
1	0 : 15	9	0 : 50
2	0 : 15	10	0 : 50
3	0 : 30	11	0 : 50
4	0 : 30	12	0 : 50
5	0 : 30	13	0 : 50
6	4 : 00	14	2 : 50
7	4 : 00	15	2 : 50
8	0 : 50	P	-

⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ Никогаш не оставајте ја плотната без надзор додека ја користите. Ова може да предизвика пожар.

За првичното загревање на садот е потребно само релативно кратко време за загревање, бидејќи повисоките поставувања на континуираното ниво на јачина најчесто се користат за пржење на храната.

Автоматското загревање не е соодветно за храна која треба да се готви во големо количество на вода. (на пример: тестенини)

Ставете капак на садот.

CTN464KC01_BOL_DG68-00454A-02_MK_121129.indd 27 2012-11-29 5:21:22

УПРАВУВАЊЕ СО МОЌНОСТА

Зоните за готвење располагаат со одредена максимална моќ која им е достапна. Ако оваа моќност се надмине со вклучување на функцијата за засилување на моќноста, се врши автоматско намалување на нивото на јачина на зоната за готвење која формира пар со дадената зона.

- Лева страна : Бр. 1 и Бр. 2 се впарени зони за готвење
- Десна страна : Бр. 3 и Бр. 4 се впарени зони за готвење

Индикаторот за оваа зона за готвење ќе се промени од поставеното ниво на јачина на максималното можно ниво на јачина за дадената ситуација.

- Пример



Последно ниво на јачина на зоната за готвење (Бр. 3)	Ниво на јачина на впарената зона за готвење (Бр. 4)	
	оригинално ниво на јачина	автоматски променето ниво на јачина
Засилување на моќност	ниво 15	ниво 13

Кога е активирана функцијата за комплетната зона со премостување, се врши автоматско намалување на нивото на јачина на левата страна (Бр. 1 и Бр. 2).

Ако се користат сите зони за готвење од левата страна (Бр. 1 и Бр. 2), максималното можно ниво на јачина на комплетната зона со премостување е 15.

За користење на функцијата за засилување на моќноста P за комплетната зона со премостување, исклучете една од зоните за готвење од левата страна.

ПРЕДЛОЗИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ПЛОТНАТА ПРИ ГОТВЕЊЕ НА ОДРЕДЕНА ХРАНА

Податоците во табелата нека ви послужат како упатство. Степенот на јачина за различни начини на готвење зависи од повеќе елементи, како што се квалитетот на садовите за готвење или пак количината на храната која се подготвува.

Поставена јачина	Начин на готвење	Примери за користење
14-15	Подгревање Потпржување Пржење	Загревање голема количина течност, варење тестенини, динстање месо (гулаш, варење месо)
10-13	Интензивно Пржење	Стек, говедски бифтек, помфрит, колбаси, палачинки / шкотски палачинки
8-9	Пржење	Шницла / парчиња месо, џигер, риба, ќофтиња, пржени јајца
6-7	Варење	Варете течност до 1,5 литар, компири, зеленчук
3-5	Варење на пареа Динстање Варење	Варење на пареа и динстање на мала количина зеленчук, варење ориз и млечни оброци
1-2	Топење	Топење путер, желатин, топење чоколада

Нивоата на јачина при готвење во табелата се наведени како ориентационо упатство.

Потребно е да го прилагодите нивото на јачина во зависност од видот на садот и храната.

CTN464KC01_BOL_DG68-00454A-02_MK_121129.indd 28 2012-11-29 5:21:22

чистење и одржување

ПЛОТНА

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ Средствата за чистење не смеат да дојдат во контакт со загреаната керамичко-стаклена површина: По чистењето, средствата за чистење треба да се отстранат со доволна количина на чиста вода, бидејќи тие може да предизвикаат нагризување на плочата кога таа ќе се загрее. Не употребувајте јаки абразивни средства како на пример спрејови за скари и рерни, сунѓери за чистење или абразивни средства наменети за чистење на тави.

Исчистете ја керамичко-стаклената плоча по секоја употреба додека таа е сè уште топла. Ова ќе оневозможи загорување на истурената храна на површината. Отстранете го бигорот, трагите од вода и запечените масни капки со помош на комерцијалните средства за чистење на керамичко стакло или метал што не 'рѓосува.

Помали нечистотии

1. Избришете ја керамичко-стаклената површината со влажна крпа.
2. Пребришете со сува чиста крпа. На површината не треба да останат траги од средствата за чистење.
3. Еднаш неделно комплетно исчистете ја керамичко-стаклената површина за готвење со соодветно средство за чистење на керамичко стакло или метал што не 'рѓосува.
4. Избришете ја керамичко-стаклената површина со доволна количина чиста вода и пребришете со сува крпа која не остава мали влакна.

Тврдокорни нечистотии

1. За отстранување на храната која е претечена и на тврдокорните дамки, употребете ја гребалката за стакло.
2. Поставете ја гребалката за стакло на керамичко-стаклената површина под одреден агол.
3. Отстранете ја нечистотијата со гребење со помош на остриот дел.

Гребалката за стакло и средствата за чистење на керамичко стакло се достапни во специјализирани продавници.



CTN464KC01_BOL_DG68-00454A-02_MK_121129.indd 29 2012-11-29 5:21:22

Проблематични нечистотии

1. Отстранете ги веднаш прегорениот шеќер, стопената пластика, алуминиумската фолија и останатите материјали со гребалката за стакло додека сè уште се топли.

⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ Постои можност да се изгорите при ракување со гребалката за стакло додека површината за готвење е загреана:

2. Кога ќе се излади плотната, исчистете ја на вообичаениот начин.

   Ако на површината за готвење се дозволи да се излади нешто што претходно се растопило, при чистењето повторно загрејте ја површината.

Гребаниците и темните дамки на керамичко-стаклената површина предизвикани, на пример, од тава со остри рабови, не можат да се отстранат. Сепак, тие не ја намалуваат функционалноста на плочата.



РАМКА НА ПЛОТНАТА (ОПЦИЈА)

⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ Не употребувајте оцет, сок од лимон или средство за отстранување на бигор на рамката на плотната; можат да се појават темни дамки.

1. Избришете ја рамката со влажна крпа.
2. Исушените дамки навлажнете ги со водена крпа. Исчистете и пребришете со сува крпа.

ЗА ДА НЕ ГО ОШТЕТИТЕ УРЕДОТ

- Не употребувајте ја површината за готвење како работна површина или како површина за оставање предмети.
- Не вклучувајте ја површината за готвење доколку на неа нема сад или пак садот е празен.
- Керамичкото стакло е многу цврсто и отпорно на температурни промени, но сепак може да се скрши. Тоа може да се оштети доколку на него падне остар или тежок предмет.
- Не ставајте садови на рамката. Рамката може да се изгребе или оштети.
- Избегнувајте преливање со киселини, како на пример, оцет, сок од лимон и средства за отстранување на бигор на рамката на плотната, за да не дојде до создавање на темни дамки.
- Ако шеќер или храна која содржи шеќер дојде во контакт со загреаната површина за готвење и се истопи, исчистете веднаш со гребалката додека нечистотијата е сè уште топла. Ако се дозволи нечистотијата да се излади, таа при отсранувањето може да ја оштети плочата.
- Материјалите кои може да се стопат, како на пример, пластиката, алуминиумските фолии и фолиите за рерна, држете ги подалеку од керамичко-стаклената површина. Ако некој од овие материјали се стопи на површината за готвење, веднаш отстранете го со помош на гребалката.

CTN464KC01_BOL_DG68-00454A-02_MK_121129.indd 30 2012-11-29 5:21:23

гаранција и сервис

НАЈЧЕСТО ПОСТАВУВАНИ ПРАШАЊА И ОТСТРАНУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИ

Може да дојде до посериозно оштетување како резултат на помали дефекти, кои самите можете да ги поправите со помош на следните упатства. Не вршете понатамошни поправки доколку следните упатства не ви помогнат во вашиот случај.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ Поправката на уредот треба да се изврши од страна на квалификуван сервисер. Нестручно изведената поправка претставува ризик за корисникот на уредот. Доколку вашиот уред треба да се поправи, обратете се до сервисниот центар.

Што да направам доколку не функционираат зоните за готвење?

Проверете го следното:

- Осигурувачот од напојувањето (во кутијата за осигурувачи) е исправен. Ако осигурувачот избива неколку пати, повикајте овластен електричар.
- Уредот е соодветно вклучен.
- Контролните индикатори на контролната плоча светат.
- Зоната за готвење е вклучена.
- Зоните за готвење се поставени на соодветното ниво на јачина.

Што да направам доколку зоните за готвење не може да се вклучат?

Проверете го следното:

- Поминува време подолго од 10 секунди од притиснувањето на копчето за вклучување/исклучување до вклучувањето на површината за готвење (погледнете го делот "Вклучување на уредот").
- Контролната плоча е делумно покриена со влажна крпа или течност.

Што да направам ако екранот одеднаш исчезне и остане само индикаторот за преостанатата топлина H?

Ова може да се случи заради две причини:

- Сензорот за вклучување/исклучување случајно е активиран.
- Контролната плоча е делумно покриена со влажна крпа или течност.

Што да направам ако по исклучувањето на зоните за готвење, индикаторот за преостанатата топлина не се прикажува на екранот?

Проверете го следното:

- Зоната за готвење сте ја употребиле многу кратко време и заради тоа не се загреала доволно. Доколку зоната за готвење е загреана, ве молиме повикајте го сервисниот центар.

Што да направам ако зоната за готвење не може да се вклучи или исклучи?

Ова може да се случи заради две причини:

- Контролната плоча е делумно покриена со влажна крпа или течност.
- Безбедносното заклучување за деца е активирано.

Што да направам доколку 5 F екранот е осветлен?

Проверете дали:

- Контролната плоча е делумно покриена со влажна крпа или течност. За да продолжите, притиснете го контролниот сензор за "вклучување/исклучување".

CTN464KC01_BOL_DG68-00454A-02_MK_121129.indd 31 2012-11-29 5:21:23

Што да направам доколку екранот е осветлен?

Проверете дали:

- Плотната е прегреана заради неправилно функционирање.
- Откако плотната ќе се излади, притиснете го контролниот сензор за “вклучување/исклучување” заради ресетирање.

Што да направам доколку екранот е осветлен?

Проверете дали:

- Садот за готвење можеби не е погоден или е премал, или пак нема поставено сад на зоната за готвење
- Ако употребите погоден сад за готвење, прикажаната порака автоматски ќе исчезне.

Што да направам ако вентилаторот за ладење работи и по исклучувањето на плотната?

Проверете дали:

- Кога ќе завршите со користењето на плотната, вентилаторот за ладење работи самостојно за да се намали температурата.
- Откако ќе се излади електрониката на плотната, вентилаторот за ладење ќе се исклучи.

Доколку го повикате сервисот заради неправилно ракување со уредот, посетата од страна на техничкото лице може да ви биде наплатена иако сè уште трае гаранцискиот период.

СЕРВИС

Пред да побарате помош или поправка, ве молиме разгледајте го делот “Отстранување на проблеми.” Доколку сè уште ви е потребна помош, следете ги упатствата подолу.

Дали грешката е од техничка природа?

Доколку е така, ве молиме обратете се до сервисниот центар.
Секогаш однапред подгответе се за разговорот. Ова ќе го олесни процесот на дијагноза на проблемот и одлуката дали посетата на лице од сервисот е неопходна.
Ве молиме запишете ги следните информации.

- Каков е описот на проблемот?
- Под кои околности се случува проблемот?

Пред повикот, ве молиме да го забележите моделот и серискиот број на вашиот уред. Овие информации се дадени на плочката со податоци во следниот облик:

- Опис на моделот
- S/N код (15 цифри)

Ви препорачуваме тука да ги запишете информациите за полесен пристап.

Модел: _____

Сериски број: _____

Кога можат да се појават трошоци за вас дури и за време на гаранцискиот рок?

- доколку самите сте можеле да го отстраните проблемот со примена на некое од решенијата наведени во делот “Отстранување на проблеми”.
- доколку техничкото лице од сервисот мора да направи повеќе повици до сервисот бидејќи не сте ги дале сите релевантни информации пред посетата, по што како резултат, на пример, лицето ќе мора повторно да патува по резервни делови. Подготовката пред повикот според горните совети ќе ги заштеди трошоците за ваквите патувања.

CTN464KC01_BOL_DG68-00454A-02_MK_121129.indd 32 2012-11-29 5:21:23

ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ

Димензии на уредот	Широчина	575 mm
	Длабочина	505 mm
	Височина	56 mm
Димензии на отсекување на работната површина	Широчина	560 mm
	Длабочина	490 mm
	Радиус во аглите	3 mm
Напон на поврзување		220-240 V ~ 50 / 60 Hz
Максимална оптовареност при поврзување		7,2 kW
Тежина	Нето	11,3 kg
	Бруто	14,2 kg

ЗОНИ ЗА ГОТВЕЊЕ

Позиција	Пречник	Напојување
Заден лев	160 mm	1400 W / со засилување 2000 W
Преден лев	210 mm	2200 W / со засилување 3200 W
Предна зона со премостување	-	1800 W / со засилување 2600 W
Задна зона со премостување	-	1800 W / со засилување 2600 W
Комплетна зона со премостување	-	3600 W / со засилување 4600 W

CTN464KC01_BOL_DG68-00454A-02_MK_121129.indd 33 2012-11-29 5:21:23

забелешки

забелешки

ПРАШАЊА ИЛИ КОМЕНТАРИ

ЗЕМЈА	ПОВИКАЈТЕ	ИЛИ ПОСЕТЕТЕ НЀ ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ НА
BOSNIA	05 133 1999	www.samsung.com
BULGARIA	07001 33 11 , normal tariff	
CROATIA	062 - SAMSUNG (062-726-7864)	
CZECH	800 - SAMSUNG (800-726786)	
HUNGARY	06-80-SAMSUNG (726-7864)	
MACEDONIA	023 207 777	
MONTENEGRO	020 405 888	
POLAND	0 801-1SAMSUNG (172-678) +48 22 607-93-33	
ROMANIA	08008 SAMSUNG (08008 726 7864) TOLL FREE No.	
SERBIA	0700 SAMSUNG (0700 726 7864)	
SLOVAKIA	0800-SAMSUNG (0800-726-786)	
LITHUANIA	8-800-77777	
LATVIA	8000-7267	
ESTONIA	800-7267	

Код бр.: DG68-00454A-02

CTN464KC01_BOL_DG68-00454A-02_MK_121129.indd 36 2012-11-29 5:21:23